Сава пензиско друштво а.д. Скопје
Бр. 02 - 75 / 1
08.01.2025 год.

# Статут
## на Отворен доброволен пензиски фонд Сава пензија плус

**Пречистен текст**

**Декември 2024**

Содржина


| | | |
|---|---|---|
| 1. | Општи одредби | 3 |
| 2. | Име и седиште на доброволниот пензиски фонд | 3 |
| 3. | Управување со пензискиот фонд | 4 |
| 4. | Членови и пензионирани членови на пензискиот фонд и нивните права | 4 |
| 5. | Пензиски надоместок и поплаки | 6 |
| 6. | Работење со сметки и процена на средствата на доброволен пензиски фонд | 8 |
| 7. | Инвестирање на средствата | 9 |
| 8. | Одговорност на Друштвото | 11 |
| 9.1. | Надоместоци | 12 |
| 9.2. | Провизии | 13 |
| 10. | Чувар на имот | 13 |
| 11. | Оданочување | 14 |
| 12. | Сметководство и ревизија | 14 |
| 13. | Известување и информирање | 15 |
| 14. | Деловна тајна и заштита на лични податоци | 16 |
| 15. | Преодни и завршни одредби | **Error! Bookmark not defined.** |


**Хронологија на измени**

| **Верзија** | **Датум** | **Опис** |
|---|---|---|
| 1. | 2009 | Усвоен |
| 2. | Февруари 2011 | Измена и дополнување |
| 3. | Декември 2011 | Измена и дополнување |
| 4. | Мај 2013 | Измена и дополнување |
| 5. | Август 2014 | Измена и дополнување |
| 6. | Декември 2014 | Измена |
| 7. | Јуни 2016 | Измена и дополнување |
| 8. | Ноември 2016 | Измена и дополнување |
| 9. | Април 2018 | Измена и дополнување |
| 10. | Февруари 2019 | Измена и дополнување |
| 11. | Февруари 2021 | Измена и дополнување |
| 12. | Јуни 2023 | Измена и дополнување |
| 13. | Декември 2024 | Измена |

Согласно член 10 од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување (Службен весник бр. 07/08, 124/10, 17/11,13/13 и 103/21), Надзорниот одбор на Друштвото донесе пречистен текст на:

# Статут на Отворен доброволен пензиски фонд Сава пензија плус

## 1. Општи одредби

**Член 1**

Овој акт е основен акт на Отворениот доброволен пензиски фонд Сава пензија плус (во натамошниот текст – Пензиски фонд).

Пензискиот фонд е отворен инвестиционен фонд, кој се основа и работи согласно Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошен текст: ЗДКФПО), како и со Законот за инвестициски фондови, и друга регулатива доколку со ЗДКФПО не е поинаку уредено.

Пензискиот фонд се основа со цел да се примаат придонеси од лица и осигурители, да се вложуваат во финансиски инструменти, да се врши распределба на акумулираните средства согласно со закон и да се вршат исплати на пензиски надоместоци преку програмирани повлекувања, еднократни исплати и повеќекратни исплати.

Со Статутот се уредува работењето на Пензискиот фонд, правната положба на членовите и пензионираните членови, користење на права што им припаѓаат на членовите и пензионираните членови, начинот на прибирање на придонеси, инвестирање на средствата, правните односи помеѓу Пензискиот фонд и Друштвото, како и други прашања од интерес за остварување на целите на Пензискиот фонд.

**Член 2**

Пензискиот фонд го сочинуваат доброволните придонеси уплатени во име и за сметка на членовите, средствата на членовите, средствата на пензионираните членови и приносите од инвестираните придонеси и средства, намалени за надоместоците што се наплатуваат од Пензискиот фонд.

Пензискиот фонд не е правно лице и претставува приватна сопственост на осигурениците односно неговите членови и пензионирани членови.

Поединечните сопственички права се утврдуваат соодветно на вредноста на средствата на нивните доброволни индивидуални, односно професионални сметки.

Времетраењето на Пензискиот фонд е неограничено.

Средствата на Пензискиот фонд се целосно одвоени од средствата на Друштвото и не можат да бидат предмет на побарувања ниту врз нив може да биде спроведено извршување од страна на, или од името на доверителите на друштвото кое управува со Пензискиот фонд.

## 2. Име и седиште на доброволниот пензиски фонд

**Член 3**

Назив на пензискиот фонд е: Отворен доброволен пензиски фонд Сава пензија плус.

Назив на пензискиот фонд на англиски јазик е: Sava Pension Plus, Open Voluntary Pension Fund.
Скратен назив на пензискиот фонд е: Сава пензија плус.
Скратен назив на пензискиот фонд на англиски јазик е: Sava Pension Plus.

Седиштето на Пензискиот фонд се наоѓа во Скопје во седиштето на Друштвото, на улица Димче Мирчев бр. 20, 1000 Скопје.

## 3. Управување со пензискиот фонд

**Член 4**
Друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови Сава пензиско друштво а.д. Скопје управува со Пензискиот фонд.

Седиштето на Друштвото е во Скопје на улица Димче Мирчев бр. 20, 1000- Скопје.

Единствен акционер на Друштвото е:

1.Позаваровалница Сава д.д., Љубљана, матичен бр.5063825 , ул. Дунајска цеста бр. 56, 1000 Љубљана, Р.Словенија со удел од 100%.

Основна главнина на Друштвото изнесува 2.120.000 ЕУР, поделен на 21.200 обични акции со номинална вредност од 100 ЕУР, во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплата.
Друштвото го претставува и застапува Пензискиот фонд пред трети лица.

## 4. Членови и пензионирани членови на пензискиот фонд и нивните права

**Член 5**
Член на Пензискиот фонд може да стане секое физичко лице кое ги исполнува условите за доброволно зачленување пропишани со закон, доколку има најмалку 15 и најмногу 70 години возраст.

Лицето станува член на доброволен пензиски фонд:

- со потпишување на договор за членство во доброволен пензиски фонд меѓу лицето и Друштвото и со отварање на доброволна индивидуална сметка;
- со потпишување на договор за членство во доброволен пензиски фонд меѓу лицето, физичкото лице кое уплаќа придонес во име и за сметка на лицето (во понатамошниот текст: уплаќач) и Друштвото и со отварање на доброволна индивидуална сметка или
- со учество во професионална пензиска шема и отварање на професионална сметка.

Учесникот на професионалната пензиска шема станува член на доброволниот пензиски фонд по отварање на професионална сметка за што Друштвото доставува потврда за членство во форма пропишана во Правилникот за начинот на членство во доброволен пензиски фонд на

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во понатамошниот текст Агенцијата).

Едно лице може да има само една доброволна индивидуална сметка и една професионална сметка во ист или различен доброволен пензиски фонд.

Само осигурител може да уплаќа придонеси на професионална сметка, а не може да уплаќа придонес на доброволна индивидуална сметка. Уплатата се врши од трансакциска сметка на осигурителот или преку трансакција поврзана со трансакциската сметка на осигурителот.

Придонеси во доброволен пензиски фонд може да уплаќа членот или уплаќачот врз основа на потпишан договор за членство од страна на членот, уплаќачот и Друштвото. Уплатата се врши од трансакциската сметка на членот и/или уплаќачот или преку трансакција поврзана со трансакциската сметка на членот и/или уплаќачот.

Член на Пензискиот фонд може да премине и да се зачлени во друг доброволен пензиски фонд, но не може да премине кога е учесник во професионална пензиска шема додека е вработен или е член на осигурител.

Член може да премине и стане член на доброволен пензиски фонд управуван од друго друштво со потпишување на договор за членство со другото друштво, со потпишување изјава за согласност за премин, и плаќање надоместок за премин.

Во случај на преминување на членот од еден во друг пензиски фонд, средствата на тој член се пренесуваат од постојниот во идниот пензиски фонд на првиот нареден датум на пренос. Членството во идниот пензиски фонд започнува од датумот на пренос на средствата на сметка на членот во идниот пензиски фонд.

Уплати во Пензискиот фонд, за себе или за друго физичко лице, не може да врши лице кое:

- остварило право на пензија согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување;
- повлекува средства согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (во понатамошен текст: ЗЗКФПО) и/или ЗДКФПО;
- и во име и за сметка на лице кое навршило 70 години возраст.

Доколку член на Пензискиот фонд со доброволна индивидуална сметка оствари пензиски надоместок согласно ЗДКФПО, осигурител може да уплаќа придонеси на неговата професионална сметка. Доколку членот на Пензискиот фонд престане да уплаќа придонеси во Пензискиот фонд пред пензионирање, тој останува да биде полноправен член на Пензискиот фонд се до смртта, до премин во друг фонд или до остварување право на пензиски надоместок и ги има сите права како и другите членови согласно со ЗДКФПО.

**Член 6**
Членството во Пензискиот фонд престанува:

- кога членот ќе го смени фондот (премин во другиот фонд) согласно ЗДКФПО;
- кога членот ќе оствари право на пензиски надоместок;
- во случај на смрт на член.

**Член 6-а.**
Пензиониран член на Пензискиот фонд е физичко лице кое остварило право на пензиски надоместок од доброволно капитално финансирано пензиско осигурување преку програмирани повлекувања или повеќекратни исплати и има индивидуална и/или професионална сметка во Пензискиот фонд од која ги врши повлекувањата на средствата.
Лицето станува пензиониран член на Пензискиот фонд со потпишување на договор за исплата на средства од доброволен пензиски фонд.
Пензиониран член може да го замени програмираното повлекување обезбедено од Друштво со користење на преостанатите расположливи средства од доброволната индивидуална и/или професионална сметка за купување програмирани повлекувања од друго пензиско друштво, купување ануитет од друштво за осигурување или со еднократна или повеќекратна исплата од Друштвото.
Во случај на преминување на пензионираниот член од еден во друг пензиски фонд, средствата на тој пензиониран член се пренесуваат од постојниот во идниот пензиски фонд на првиот нареден датум на пренос.

**Член 7**
Членот и пензионираниот член на Пензискиот фонд ги има следните права:
- право на користење односно пренос на средства на доброволните индивидуални сметки согласно ЗДКФПО;
- право на премин во друг доброволен пензиски фонд;
- право на вистинито и навремено известување и информирање согласно со ЗДКФПО;
- право на поплаки;
- други права загарантирани со законските прописи.

**Член 8**
Средствата од сметката на членот и пензионираниот член од Пензискиот фонд се дел од неговиот личен имот.
Средствата од сметката на член и пензиониран член на Пензискиот фонд не можат да се користат во постапка на порамнување или стечај и истите не можат да се даваат во залог, асигнација или да се пренесуваат во полза на трети лица, освен кога тоа е изречно допуштено со ЗДКФПО.

## 5. Пензиски надоместок и поплаки

**Член 9**
Членот стекнува право на пензиски надоместок најрано десет години пред возраста за стекнување на право на старосна пензија.

Кога членот стекнува право на пензиски надоместок, целиот акумулиран износ на средства на неговата сметка по избор на членот, може да се исплати во вид на:
- ануитети;
- програмирани повлекувања;
- еднократни исплати;
- повеќекратни исплати;

- комбинација од претходно наведените видови на исплати.

Обезбедувањето на пензиски надоместоци се врши согласно со Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување.

Друштвото во согласност со законската регулатива нуди:

- програмирани повлекувања, доживотни и привремени;
- еднократни исплати;
- повеќекратни исплати.

Корисникот на пензија може во секој момент да го замени програмираното повлекување обезбедено од едно пензиско друштво со користење на преостанатите расположливи средства од доброволната индивидуална и/или професионална сметка за купување програмирани повлекувања од друго пензиско друштво, купување ануитет од друштво за осигурување или со еднократна или повеќекратна исплата од пензиското друштво.

Корисникот на пензија може да ја замени повеќекратната исплата со користење на преостанатите расположливи средства од доброволната индивидуална и/или професионална сметка за купување ануитет од друштво за осигурување, купување на програмирани повлекувања од пензиско друштво, со повеќекратна исплата од друго пензиско друштво или со еднократна исплата.

Полисата за ануитет склучена со друштво за осигурување е нераскинлив договор.

Барањето за стекнување право на пензиски надоместок, членот на пензискиот фонд го доставува до друштвото кое управува со пензискиот фонд каде што тој има доброволна индивидуална или професионална сметка најдоцна до навршување на 70 години возраст. Доколку членот на пензиски фонд има доброволна индивидуална и професионална сметка може да бара спојување на средствата од двете сметки. Доколку сметките се во два пензиски фонда со кои управуваат две различни друштва, барањето го доставува во едно од пензиските друштва.

Друштвото програмираните повлекувања ќе ги исплатува месечно, не подоцна од 25-ти во месецот за претходниот месец, со пренос на средства на трансакциска сметка на пензионираниот член.

Висината на исплатата на програмираните повлекувања прв пат се пресметува на денот на остварување на правото на пензиски надоместок, а потоа повторно се пресметува на секои 12 месеци.

Исплатата на програмираните повлекувања се прекинува со искористувањето на средствата од доброволната индивидуална и/или професионалната сметка.

За вршење на пресметки на програмираните повлекувања, давање насоки за пресметки на програмираните повлекувања и проверка на истите, Друштвото назначува овластен актуар кој за својата работа е одговорен пред Управниот одбор. Актуарот врши проверка на ликвидноста на доброволниот пензиски фонд, како и други работи определени со Закон и подзаконски акти.

Во случај на смрт на член или на пензиониран член на Пензискиот фонд средствата од сметката на членот стануваат дел од оставинска маса на оставителот и со тие средства се постапува согласно Законот за наследување.

Во случај кога кај членот на Пензискиот фонд е утврдена општа неспособност за работа според закон, тој има право да избере една од можностите за користење на пензискиот надоместок од став 2 на овој член.

**Член 10**

Членовите и пензионираните членови на Пензискиот фонд доколку не се задоволни од работењето на Друштвото, односно на некој од вработените или лицата ангажирани од Друштвото, можат да поднесуваат поплаки. Друштвото ќе ги разгледува и решава поплаките брзо и експедитивно по хронолошки ред на прием согласно актите на Друштвото.
Членовите и пензионираните членови своите поплаки, прашања и проблеми можат да ги упатат до Друштвото во писмена форма, електронска форма или усмено, но притоа треба да оставаат свои основни податоци, контакт и образложение на поплаката, со можни докази во прилог.
Приемот на поплаките, постапувањето и другите прашања во врска со поплаките Друштвото ги уредува со посебен акт.
Доколку при разгледувањето на поплаките Друштвото открие некакви нерегуларности за истите ќе ја извести Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување.

## 6. Работење со сметки и процена на средствата на доброволен пензиски фонд

**Член 11**
Придонесите, пренесените средства и сите приноси од инвестирањето, Друштвото ги распоредува на доброволните индивидуални и професионални сметки кои гласат на име на членот или пензионираниот член на Пензискиот фонд. Евиденција на доброволните индивидуални и професионалните сметки ја води Друштвото кое управува со Пензискиот фонд.
За евиденција на доброволните индивидуални и професионалните сметки и средствата на Пензискиот фонд се користат сметководствени единици.
Сметководствената единица претставува пропорционален дел од вкупните нето средства на Пензискиот фонд.
Друштвото, управува со доброволните индивидуални и професионалните доброволните сметки на членовите и пензионираните членови на Пензискиот фонд и врши евиденција и проценка на средствата согласно ЗДКФПО и подзаконски акти донесени од страна на Агенцијата.
Претворањето на средствата од придонесите и приносите во сметководствени единици се врши на претходно утврдени датуми (датум на процена) врз основа на вредноста на сметководствената единица на тој датум, односно секој ден како што е определено со условите утврдени со ЗДКФПО и подзаконските акти на Агенцијата.
Се до претворањето на придонесите во сметководствени единици, истите се чуваат на посебна сметка на Пензискиот фонд.

**Член 12**
Проценка на вредноста на средствата на Пензискиот фонд врши Друштвото согласно со Правилникот за проценка на средствата на задолжителните и доброволните пензиски фондови пропишан од Агенцијата.

Друштвото на секој датум на процена, ги пресметува вредноста на средствата, нето средствата, вредноста на сметководствената единица и бројот на издадени сметководствени единици на Пензискиот фонд.

Пресметките за вредноста  на средствата, нето средствата, вредноста на сметководствената единица и бројот на сметководствените единици на Пензискиот фонд ги потврдува чуварот на имот. По добивање на потврда од чуварот на имот, Друштвото ги доставува информациите до Агенцијата.

Друштвото ги пресметува стапките на реален и номинален принос на Пензискиот фонд конвертирани во еквивалентни годишни стапки на принос, изразени како процент, со две децимални места, согласно со  Правилникот за проценка на средствата на задолжителните и доброволните пензиски фондови.

Информациите за вредноста на средствата на Пензискиот фонд, нето средствата, вредноста на сметководствената единица, бројот на издадени сметководствени единици, односно стапката на принос на Пензискиот фонд се објавуваат на интернет страницата на Друштвото (www.sava-penzisko.mk).

## 7. Инвестирање на средствата

**Член 13**
Средствата на Пензискиот фонд се инвестираат согласно ЗДКФПО и инвестиционата стратегија на Друштвото за Пензискиот фонд, со цел остварување на соодветен долгорочен принос преку преземање на соодветно ниво ризик единствено во полза на членовите и пензионираните членови на Пензискиот фонд. Друштвото преку диверзификација, финансиска анализа и активно управување со ризиците на кои се изложени средствата на Пензискиот фонд го минимизира ризикот од загуби:

- кои настанале поради не плаќање на издавачот или другата договорна страна;
- кои произлегуваат од влијанието на домашните и странските финансиски пазари;
- во реалната вредност на средствата на доброволниот пензиски фонд поради инфлација и
- кои се последица од продажба на средствата на доброволниот пензиски фонд поради обезбедување на ликвидност на доброволниот пензиски фонд.

При управувањето и контролата на инвестирањето на средствата на Пензискиот фонд членовите на Управниот и Надзорниот одбор, како и лицето одговорно за инвестициони одлуки применуваат степен на грижа, делотворност и вештини кои би ги применувал разумен човек при инвестирање на сопствените средства и својата обврска ја исполнуваат во согласност со нивната фидуцијарна должност. Членовите на Управниот и Надзорниот одбор обезбедуваат примена на истото и од страна на секој вработен и работно ангажиран во Друштвото.

Инвестициона стратегија е интерен акт на Друштвото, што ја одредува политиката на вложување на средствата на Пензискиот фонд и е план за долгорочна алокација на средствата во различни видови на финансиски инструменти со цел обезбедување соодветен долгорочен принос на Пензискиот фонд. Во овие рамки Друштвото ги дефинира мисијата и целта на Пензискиот фонд, стратешката алокација со која се очекува да се постигне целта, временскиот хоризонт, толеранцијата кон ризик, ликвидносните потреби и принципите за управување со ризиците поврзани со постигнување на планираниот принос, методите за мерење на инвестициониот ризик, процесите за управување со ризици кои ќе се применуваат, начинот на мерење и објавување на постигнатите резултати од инвестирањето на средствата на Пензискиот фонд како и останатите аспекти, даночни и регулаторни. Дополнително, Стратегијата ги дефинира и одговорностите за сите инволвирани во нејзиното остварување.

Инвестициона стратегија на Пензискиот фонд ја донесува Надзорниот одбор на Друштвото.

Инвестиционата стратегија на Пензискиот фонд ја утврдува и спроведува Управниот одбор на Друштвото.
Друштвото изготвува документ за начинот на примена на инвестиционата стратегија на Пензискиот фонд за следните 12 месеци, вклучувајќи го стратешкото инвестирање на секоја класа на средства, интерните ограничувања за инвестирање и изложеноста на ризиците.
Друштвото има формиран орган - консултативно стручно тело - Одбор за управување со инвестициите на фондовите.
Сигурноста на вложувањата, Друштвото ја остварува со инвестирање на средствата на Пензискиот фонд во првокласни хартии од вредност и други финансиски инструменти дозволени и дефинирани со ЗДКФПО.
Со диверсификација на инвестициското портфолио на Пензискиот фонд според финансиските инструменти, институции, компании, пазари и држави/географски региони, валути и стопански гранки се обезбедува сигурност и се намалуваат ризиците на вложувањата.
Адекватната ликвидност, Друштвото ја обезбедува со оперативно спроведување на Инвестициона стратегија. Друштвото може да се задолжува во име и за сметка на доброволниот пензиски фонд исклучиво заради подобрување на ликвидноста на доброволниот пензиски фонд, при што вкупниот износ на позајмените средства не смее да надмине одреден процент од вредноста на средствата на доброволниот пензиски фонд што поблиску го пропишува Агенцијата, но најмногу до 5%.

**Член 14**

Ограничувањата во вложувањата во одделни видови на финансиските инструменти се дефинирани со ЗДКФПО и се однесуваат на видовите вложувања, максималниот лимит во одреден инструмент и ограничување на географската припадност.
Друштвото се придржува кон ограничувањата за инвестирањето утврдени со ЗДКФПО и се стреми оптимално да се прилагоди на условите и можностите на пазарите на капитал и другите финансиски пазари.
Друштвото во Инвестиционата стратеија и други интерни акти ги дефинира сопствените принципи, лимитите, методите на контрола и управување со ризиците како и нивоата на одлучување.
Спроведувањето на тековни оперативни инвестициони одлуки и процедури се во надлежност на надлежниот член на Управниот одбор.

**Член 15**
Друштвото, акционерите, вработените на Друштвото, чуварот на имот, членови на Управниот и Надзорниот одбор на Друштвото должни се да ги чуваат строго доверливо информациите добиени како резултат на службената положба во процесот на управување со средствата на Пензиски фонд, доколку таквите информации не биле јавно објавени на пазарот и можеле да влијаат на цените на котираните инструменти и не смеат непосредно или посредно да ги користат со цел стекнување корист за себе или за други.
Друштвото во работењето се придржува кон принципите на праведност, чесност, грижливост и транспарентност во управувањето со средствата на Пензискиот фонд, со единствена намера остварување на интересите на членовите на Пензискиот фонд. Друштвото постапува со внимание на уреден и совесен трговец, користејќи ги најдобрите вештини и искуства од деловните активности и соодветно на етичкиот кодекс и стандардите за професионално однесување.
Друштвото, согласно ЗДКФПО, подзаконски акти донесени од Агенцијата и со Процедурата за управување со судир на интереси во  Друштвото, презема мерки за спречување на злоупотреба на информации добиени како резултат на службената положба.

## 8. Одговорност на Друштвото

**Член 16**
Друштвото е одговорно за законското работење и пред членовите и пензионираните членови на Пензискиот фонд, за штетите кои се резултат на неизвршување, неправилно или несовесно извршување на задачите и обврските утврдени со ЗДКФПО, во врска со управувањето и претставувањето на Пензискиот фонд, освен ако несоодветните резултати се должат на околности на кои Друштвото не можело да влијае и не можеле да бидат променети или ублажени од страна на Друштвото и во случај на највисок степен на совесност.
Членовите на Управниот и Надзорниот одбор, одговорно лице за: инвестиционите одлуки, управување со ризици, внатрешна ревизија, индивидуални сметки, маркетинг, контрола на агенти и пресметка на програмирани повлекувања во Друштвото и орган на Друштвото имаат фидуцијарна должност да работат единствено во корист на интересите на членовите и на пензионираните членови на доброволниот пензиски фонд која ја спроведуваат со примена на високи стандарди на етика и интегритет и без конфликт на интереси.
Штетата која настанала поради неисполнување односно несоодветно спроведување на работењето на Друштвото не може да се подмирува од имотот на Пензискиот фонд.
Доколку Друштвото ги довери на спроведување некои работи на трети лица не се намалува одговорноста на Друштвото, за таквите обврски.

**Член 17**
Друштвото води целосна, точна и ажурна евиденција за доброволната индивидуална сметка и/или професионалната сметка на секој член и на пензиониран член на доброволниот пензиски фонд, за уплатени доброволни придонеси односно исплатени и пренесени средства, бројот на сметководствени единици на сметката и вредноста на сметката, како и други податоци утврдени со ЗДКФПО.
Друштвото ги архивира и чува согласно со законските прописи сите документи и други евиденции во врска со Пензискиот фонд и членовите и пензионираните членови на Пензискиот фонд.

# 9. Надоместоци и провизии

## 9.1. Надоместоци

**Член 18**

Друштвото поради покривање на трошоците на работење наплатува надоместоци од средства на Пензискиот фонд согласно со ЗДКФПО и на начин утврден со подзаконските акти што ги донесува Агенција:

- надоместок од придонес односно влезна провизија како процент од секој уплатен придонес во Пензискиот фонд, пред нивното претворање во сметководствени единици. Процентот на надоместокот од придонес за членовите со доброволна индивидуална сметка изнесува 2,5%, додека за членовите учесници во професионална пензиска шема изнесува најмногу 2,5%;
- надоместок за управување односно управувачка провизија е месечен надоместок во висина на определен процент од вредноста на нето средствата на Пензискиот фонд. Процентот на надоместокот за управување за членовите со доброволна индивидуална сметка изнесува 0,075%, додека за членовите учесници во професионална пензиска шема изнесува најмногу 0,075;
- надоместок за премин односно излезен надоместок е надоместок за пренос на средствата, под услов членот кој преминува да бил член на Пензискиот фонд пократко од една година пред да премине. Надоместокот за премин го уплатува членот на Пензискиот фонд при пренос на средствата од една на друга доброволна индивидуална сметка кога членот преминува во друг доброволен пензиски фонд, а го уплатува осигурител при пренос на средствата од една на друга професионална сметка кога осигурителот преминува во друг доброволен пензиски фонд. Надоместокот за премин не се наплатува во случаите определени со ЗДКФПО.

| Надоместок за премин | |
|---|---|
| Број на денови ≤360 | 10 Евра |
| Број на денови> 360 | не се наплаќа надоместок за премин |

Друштвото надоместокот од став 1 алинеја 1 го наплатува во ист процент од сите членови на Пензискиот фонд, освен во случај на членови кои се учесници во професионална пензиска шема, каде надоместокот се уредува со договори склучени помеѓу Осигурителот и Друштвото.
Друштвото надоместокот од став 1 алинеја 2 го наплатува во ист процент од сите членови и пензионирани членови на Пензискиот фонд, освен во случај на членови кои се учесници во професионална пензиска шема, каде надоместокот се уредува со договори склучени помеѓу Осигурителот и Друштвото.
Друштвото ги известува сите членови на Пензискиот фонд за секој предлог за зголемување на надоместоците, најмалку 180 дена пред нивното воведување. Друштвото ги известува сите пензионирани членови на Пензискиот фонд за секој предлог за зголемување на надоместокот од став 1 алинеја 2 од овој член, најмалку 180 дена пред нивното воведување.
Известувањето во писмена форма се доставува до секој член и пензиониран член на Пензискиот фонд и до Агенција и се објавува во најмалку еден дневен весник во Р. Северна Македонија, како и на интернет страница на Друштвото.
Кога член преминува од еден во друг доброволен пензиски фонд друштвото кое управува со идниот доброволен пензиски фонд му дава на увид примерок од известувањето.

### 9.2. Провизии

**Член 19**
Трансакциони провизии во врска со трансакции за стекнување или пренос на средствата на Пензискиот фонд се плаќаат од средствата на Пензискиот фонд.
Трансакционите провизии се пресметуваат како процент од секоја трансакција или во фиксен износ во зависност од договорт со пазарниот посредник.
Друштво согласно одредбите на ЗДКФПО и подзаконските акти врши избор на правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност и непосредно тргуваат со средства на Пензискиот фонд.
Изборот се врши врз основа на: најниска провизија, обем на тргување, кадровка, техничка и организациона оспособеност.
Друштвото е должно да врши контрола на провизиите што се исплаќаат од средствата на Пензискиот фонд. Месечниот надоместок што го наплаќа Агенцијата од Друштвото и надоместок за чуварот на имотот се на товар на Друштвото.
Друштвото може да наплатува трансакциски трошоци за исплата на пензиските надоместоци преку програмирани повлекувања.

## 10. Чувар на имот

**Член 20**
Чувар на имотот на Пензискиот фонд е НЛБ Банка АД Скопје.
Друштвото избира единствен чувар на имот, банка која има дозвола издадена од НБРСМ, на кого ја доверува одговорноста за чување на средствата на Пензискиот фонд и сите инструменти во кои се вложуваат средства од Пензискиот фонд. Обврските преземени со Договорот за чување на имот потребно е чуварот на имот да ги врши во посебна организациона единица и одделно за секој пензиски фонд, одвоено од други комитенти и сопствените средства.
Чуварот на имот ги врши работите определени со ЗДКФПО и тоа:

а) ги чува безбедно сите хартии од вредност кои претставуваат средства на доброволниот пензискиот фонд;
б) хартиите од вредност кои претставуваат средства на доброволниот пензиски фонд како електронски записи ги води на посебна сметка во Централниот депозитар за хартии од вредност;
в) ги чува документите за порамнување во врска со уплатата на парични средства на банкарската сметка на доброволниот пензиски фонд и исплатата на парични средства од банкарската сметка на доброволниот пензиски фонд;
г) работи како посредник за порамнување на трансакции со хартии од вредност врз основа на налози од Друштвото и ги собира и наплаќа приходите од дивиденди, камати и сите други приходи кои произлегуваат од вложувањата на средствата на доброволниот пензиски фонд;
д) осигурува дека договорите во врска со стекнување, инвестирање и пренесување на средствата на доброволниот пензиски фонд се во согласност со ЗДКФПО, со Статутот на Пензиски фонд и со налозите кои произлегуваат од трансакциите на Друштвото со пензиски фондови и дека тие налози се во согласност со закон;
ѓ) соработува и врши надзор на субчуварот на имот;
е) пресметува и уплаќа даноци поврзани со инвестициите и доставува барање за поврат и ослободување од данок;

ж) известува за годишните собранија на акционерите од друштвата и за правата поврзани со сопственоста и ги извршува налозите поврзани со остварување на правата од сопственост;
з) врши проверка на усогласеноста на портфолиото на доброволниот пензиски фонд со инвестиционите ограничувања согласно со закон и подзаконските акти и
ѕ) врши пресметка на нето средствата и на сметководствената единица на доброволниот пензиски фонд, ги проверува и потврдува пресметките кои ги извршило Друштвото и е одговорен за точноста на пресметките.

Имотот на Пензискиот фонд кај чуварот на имот може да се користи единствено за спроведување на налозите за инвестирање добиени од Друштвото. Чуварот на имот е одговорен за настанатата штета доколку не ги почитува одредбите од ЗДКФПО и други законски одредби како и Договорот.

### 11. Оданочување

**Член 21**
Оданочувањето се уредува согласно Законот за данокот на личен доход и другата законска регулатива која ја регулира оваа област.

**Член 22**
Членот е избришан.

**Член 23**
Членот е избришан.

**Член 24**
Членот е избришан.

**Член 25**
Членот е избришан.

## 12. Сметководство и ревизија

**Член 26**
Сметководството на Пензискиот фонд, Друштвото го врши согласно со законските прописи на Република Северна Македонија и со меѓународните сметководствени стандарди како и подзаконските акти што ги донесува Агенцијата.
Друштвото го организира и врши сметководството за Пензискиот фонд во согласност со Правилникот за сметковниот план, формата и содржината на основните финансиски извештаи и дополнителните извештаи за задолжителните и доброволните пензиски фондови, како и со Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за задолжителните и доброволните пензиски фондови кои ги донесува Агенција.

**Член 27**
Друштвото составува основни финансиски извештаи, дополнителни извештаи и белешки кон финансиските извештаи за Пензискиот фонд на крајот на секој квартал и во рок од еден месец по завршување на периодот за кои се однесуваат извештаите ги доставува до Агенцијата. Ревизија на годишните финансиски извештаи на Пензискиот фонд врши овластена ревизорска куќа. Друштвото ги објавува годишните ревидирани финансиски извештаи на Пензискиот фонд, како и основните и дополнителните финансиски извештаи за првото тромесечие, првото полугодие и за првите девет месеци од пресметковната година на неговата интернет страница.

**Член 28**
Надзорниот одбор на Друштвото врши надзор врз работата на Управниот одбор на Друштвото, врши увид и проверка на развојната стратегија и деловната политика на Друштвото, Инвестиционата стратегија на Пензискиот фонд, како и други со Статутот на Друштвото и со овој Статут утврдени обврски како и обврските определени со законските прописи.
Друштвото има посебна организациона единица за внатрешна ревизија која врши постојана контрола на законитоста на работењето на Друштвото и на Пензискиот фонд, а за својата работа одговора пред Надзорниот одбор на Друштвото.

## 13. Известување и информирање

**Член 29**
Друштвото има законска обврска секоја тековна година, најдоцна до 31.март, да објави информативен проспект за Пензискиот фонд со состојба на 31. декември претходната година, со податоци определени со ЗДКФПО. Информативниот проспект во форма пропишана од Агенција, се објавува во еден од најтиражните дневни весници што се дистрибуираат на целата територија на Р. Северна Македонија како и на интернет страница на Друштвото а се достапни и во седиштето на Друштвото.
Друштвото е должно, по барање на член или пензионираниот член на Пензискиот фонд, да ги достави информативниот проспект и овој Статут и да му овозможи увид на секое лице кое ќе сака да склучи договор за програмирани повлекувања, договор за еднократна исплата и договор за повеќекратни исплати.
Друштвото согласно ЗДКФПО задолжително ги доставува сите потребни информации, извештаи и друга документација до Агенција.

**Член 30**
Друштво редовно, најмалку еднаш годишно, во писмена форма (Извештај за состојба на доброволна индивидуална односно професионална сметка) ги информира членовите и пензионираните членови на Пензискиот фонд за состојбата на средствата на нивните доброволни индивидуални или професионални сметки, за датумите на уплата на придонесите и на преносот на стредства на членот во текот на односниот период и за претворањето на придонесите и пренесените средства во сметководствени единици.
По барање од член или пензиониран член, во секое време Друштвото, во рок од осум работни дена од приемот на таквото барање, ќе му достави известување за вредноста на средствата на неговата доброволна индивидуална или професионална сметка.
Најмалку еднаш годишно Друштвото доставува податоци до секој член и пензиониран член на Пензискиот фонд за вредноста и учеството на средства на Пензискиот фонд инвестирани во одделен вид на средства и финансиските инструменти, вклучувајќи и податоци за издавачот на односната хартија од вредност на последен датум на процена заклучно со 31. декември секоја

година. Обврска за давање податоци за издавачите на хартии од вредност се однесува на вложувања кои претставуваат најмалку 1% од вредноста на средства на Пензискиот фонд. Исто така Друштво доставува и податоци за вкупниот износ на трансакциони провизии кои ги наплатува од Пензискиот фонд.
Овие податоци Друштво до членовите ги доставува бесплатно.
Овие известувања, може да се доставуваат и во електронска форма.

**Член 31**
Друштвото во секоја канцеларија за прием на странки како и на продажните места поставува огласна табла со кратки информации за главните податоци што се однесуваат на Пензискиот фонд и на Друштвото согласно ЗДКФПО.
Информирањето на членовите и пензионираните членови, Друштвото ќе го врши преку маркетинг материјали, на својата интернет страница и преку други форми на комуникација.

## 14. Деловна тајна и заштита на лични податоци

**Член 32**
Под деловна тајна се сметаат податоците, информациите, документите и програмската опрема чие соопштување на неовластено лице, поради нивниот карактер и значење е спротивно на интересите на Друштвото и Пензискиот фонд.
Деловна тајна се и сите податоци кои се однесуваат на членовите и пензионираните членови на Пензискиот фонд и нивните доброволни индивидуални или професионални сметки.
Под деловна тајна се сметаат и податоците, информациите и исправите кои согласно законските и подзаконските акти се прогласени за деловна и друг вид на тајна.

**Член 33**
Деловната и друг вид на тајна се должни да ја чуваат вработените, сите акционери на Друштвото, членови на органите на надзор и управување со Друштвото и други лица на кои им е овозможен пристап во работењето на Друштвото и Пензискиот фонд.
Должност за чување на деловна тајна и друг вид на тајна трае и по истекот на мандатот и престанувањето на работниот однос, односно по истекот на периодот за кој лицето било ангажирано од страна на Друштвото.

**Член 34**
Повреда на деловна тајна ќе се смета за тешка повреда на работниот однос ,односно договорниот однос и ќе претставува доволна причина за прекин на работниот однос, односно раскин на договорниот однос и за постапување по евентуелна утврдена штета.
Друштвото е одговорно и се грижи за формираните бази на податоци за Пензискиот фонд, членовите и пензионираните членови на Пензискиот фонд и на Друштвото.

**Член 35**
Со ЗДКФПО предвидената обврска на Друштвото, за давање на податоци и известување до Агенција и давањето на со закон определени податоци на други државни институции според процедура пропишана со закон, нема да се смета за кршење на одредбите за оддавање на деловна тајна.

**Член 35-а.**
Друштвото обезбедува заштита на личните податоци на членовите и пензионираните членови на Пензискиот фонд согласно Законот за заштита на личните податоци, со преземање на соодветни технички и организациони мерки заради заштита од недозволена и незаконска обработка на личните податоци, случајно губење, уништување, промена или оштетување, откривање преку пренесување, употреба, објавување или на друг начин правење достапни, а со цел да се обезбеди приватност и тајност на податоците и да не дојде до евентуални неовластени користења на податоците од страна на трети лица.

## 15. Преодни и завршни одредби

**Член 36**
За се што не е предвидено во овој Статут на Пензискиот фонд ќе се применуваат одредбите од законите и подзаконските акти кои ја регулираат определената материја.
Автентично толкување на одредбите од овој Статут дава Надзорниот-одбор на Друштвото. За секоја измена или дополнување на овој Статут што се врши со одлука на Надзорниот одбор на Друштвото, членовите и пензионираните членови на Пензискиот фонд ќе бидат известени и преку интернет страницата на Друштвото.
За секоја измена или дополнување на овој Статут согласност дава Агенцијата.

**Член 37**
Овој Статут произведува правно дејство откако ќе добие согласност од Агенцијата.

**Член 38**
(член 3 од Одлука за измени и дополнување на Статутот на Отворен доброволен пензиски фонд НЛБ Пензија плус бр.02-1838/12/1 од 11.11.2016 година)
Измената од член 18 став 1 алинеа 1 од Статутот ќе почне да се применува од 01.01.2017 година.

Давид Бенедек
Претседател
Надзорен одбор